**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 02-289
21.06 **2021 година**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 41 став 1 и став 2 од истиот закон и Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-2067/1 од 27.05.2021 г., поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги односно поради неизвестување на Агенцијата за промена на сопственичката структура и спроведување промена на сопственичката структура од страна на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија, пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата, што е спротивно на член 41 став 1 и став 2 од истиот Закон, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 18-та седница одржана на 17.06.2021 г. согласно Заклучокот арх.бр.02-2359/2 од 17.06.2021 г., го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ НОВА ДОО Гевгелија, заради извршена повреда на член 41 став 1 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/1, 132/17, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а казнива по член 147 став 1 точка 6 и точка 7 од истиот Закон, односно поради тоа што на 25.05.2021 г. спровело промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и без истата да биде одобрена од страна на Агенцијата.

Повредата од став 1 од оваа точка специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-2067/1 од 27.05.2021 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во рок од 7 (седум) дена од денот на приемот на ова Решение, во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави:

- Податоци за физичкото лице Ѓорѓе Цундов и тоа: ЕМБГ, адреса на живеење и учество во основната главнина на радиодифузерот;
- Нотарски заверена изјава од физичкото лице Ѓорѓе Цундов дека со пристапувањето во сопственичката структура на радиодифузерот не ги прекршува одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Нотарски заверена изјава од радиодифузерот (изјавата ја дава управителот на радиодифузерот) дека со промената на сопственичката структура не се прекршуваат одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Тековна состојба за радиодифузерот издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија – ЦРРСМ (не постара од 15 дена од денот на издавањето).

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските утврдени со Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на него.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за стратешко планирање и авторски права, на 27 мај 2021 г., изврши вонреден, по службена должност административен надзор, со цел да се констатира дали радиодифузерот извршил промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и пред промената да биде одобрена од страна на Агенцијата. При надзорот беше констатирано дека на 25.05.2021 г., ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија спровело промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и без истата да биде одобрена од страна на Агенцијата, што е спротивно на член 41 став 1 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено, при редовен увид во огласниот дел на веб страницата на ЦРРСМ во којшто се објавуваат сите извршени промени кај трговските друштва, Стручната служба на Агенцијата констатираше дека на 25.05.2021 г., е извршена промена на основачите на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија. Со промената, од сопственичката структура на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија истапило физичкото лице Валентина Џундова од Гевгелија, а пристапило физичкото лице Ѓорѓе Џундов од Гевгелија, како сопственик на уделот кој го поседуваше Валентина Џундова.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-2067/1 од 27.05.2021 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија на 31.05.2021 г. испрати Допис (Уп1 бр.02-289 од 31.05.2021 г.), со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-2067/1 од 27.05.2021 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во рок од рок од 7 (седум) дена од денот на приемот на ова Решение, во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави податоци за физичкото лице Ѓорѓе Џундов и тоа: ЕМБГ, адреса на живеење и учество во основната главнина на радиодифузерот; нотарски заверена изјава од физичкото лице Ѓорѓе Џундов дека со пристапувањето во сопственичката структура на радиодифузерот не ги прекршува одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; нотарски заверена изјава од радиодифузерот (изјавата ја дава управителот на радиодифузерот) дека со промената на сопственичката структура не се прекршуваат одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и тековна состојба за радиодифузерот издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија (не постара од 15 дена од денот на издавањето).

Во предвидениот рок, односно на 07.06.2021 г., ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија, до Агенцијата достави документација (наш арх.бр.03-2255/1 од 07.06.2021 г.), и тоа: Тековна состојба од 25.05.2021 г. издадена од ЦРРСМ, со во Прилог Решение од ЦРРСМ за упис на

промена на седиште и промена на основачи од 25.05.2021 г.; Нотарски заверена изјава, број УЗП 3123/2021 од 02.06.2021 г. дадена од страна на физичкото лице Ѓорѓе Џундов во својство на управител на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија, дека со промена на сопственичката структура на радиодифузерот не се прекршуваат одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дека радиодифузерот нема таен содружник, што може да учествува, со паричен и непаричен влог, како и Нотарски заверена изјава, број УЗП 3124/2021 од 02.06.2021 г. дадена од страна на Ѓорѓе Џундов дека не ги прекршува одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дека нема таен содружник, што може да учествува со паричен и непаричен влог, меѓутоа доставената документација не е уредна и комплетна. Советот на Агенцијата на 18-та седница одржана на 17.06.2021 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и доставената документација при што заклучи на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 18-та седница одржана на 17.06.2021 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-2359/2 од 17.06.2021 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија и му се наложува во рок од 7 (седум) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и до Агенцијата да ги достави потребните податоци и документација наведени во точка 2 од ова Решение. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги * Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele * СКОПЈЕ / SHKUP

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-2067/1 од 27.05.2021 г.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 27.05.2021

| Орг. единица Njësia org. | Број Numer | Прилог Shtese | Вредност Vlere |
|---|---|---|---|
| 03 | 2067 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден, по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија

3. **Датум на извршување на надзорот:** 27 мај 2021 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се спроведува за да се констатира дали радиодифузерот извршил промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и пред промената да биде одобрена од страна на Агенцијата (член 41 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:** На 25.05.2021 година, Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија спровело промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата (што е спротивно на член 41 став 1) и без истата да биде одобрена од страна на Агенцијата (што е спротивно на член 41 став 2).

   **Образложение:** При редовен увид во огласниот дел на веб страницата на Централниот регистар на РС Македонија, во којшто се објавуваат сите извршени промени кај трговските друштва, стручната служба на Агенцијата констатираше дека на 25.05.2021 година е извршена промена на основачите на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија.

   Со промената, од сопственичката структура на оваа телевизија истапило физичкото лице Валентина Џундова од Гевгелија, а пристапило физичкото лице Ѓорѓе Џундов од Гевгелија, како сопственик на уделот кој го поседуваше Валентина Џундова.

7. **Предлог-мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 41 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се дава следната предлог мерка:

   Советот на Агенцијата да донесе решение за преземање мерка - јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија и да му укаже во рок од седум дена од денот на приемот на опомената, во архивата на Агенцијата да достави:

   - Податоци за физичкото лице Ѓорѓе Џундов, и тоа ЕМБГ, адреса на живеење и учество во основната главнина на радиодифузерот;

- Нотарски заверена изјава од физичкото лице Ѓорѓе Цундов дека со пристапувањето во сопственичката структура на радиодифузерот не ги прекршува одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Нотарски заверена изјава од радиодифузерот (изјавата ја дава управителот на радиодифузерот) дека со промената на сопственичката структура не се прекршуваат одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Тековна состојба за радиодифузерот издадена од Централниот регистар на РС Македонија (не постара од 15 дена од денот на издавањето).

*Сектор за стратешко планирање и авторски права*